# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

**e-mail:elsdhisar@mt.net.mk web site:www.demirhisar.org.**

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК | 29.01.2010г | Ж-СКА 722014034763019 -НБРМ |
| ОПШТИНА Д-ХИСАР | БРОЈ 1 | ПРЕТПЛАТА ЗА 2009 ГОД |
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | | ИЗНЕСУВА 500 ДЕНАРИ |
| ОГЛАСИ ПО ТАРИФА | Д-ХИСАР | ЕДЕН БРОЈ ЧИНИ 50 ДЕН |

==============================================================

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за IV- квартал за 2009 година донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 101/1**
**29.01.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р.***

***112.*** Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ„ бр. 5/02/ и 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар /"Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09 / Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.01.2010 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар**

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за IV- квартал за 2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-90/1**
**28.01.2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Буџетскиот цалендар на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2010 година**

1.Го објавувам Буџетскиот календар на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2010 година донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 101/2**
**29.01.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***113.*** Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 61/2004) Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.01. 2010 год. донесе

**Буџетски календар**
**на општина Демир Хисар за 2010 година**

| Ред. Бр. | АКТИВНОСТИ | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Демир Хисар го донесува буџетскиот календар. | Февруари/ март |
| 2. | Министерот зафинансии доставува циркулар -насоки за подготвување на буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | Најдоцна до 30ти септември |
| 3. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови до сите одделенија и буџетски корисници. | Најдоцна до 15ти октомври |
| 4. | Сите одделенија и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | Најдоцна до 01ти Ноември |
| 5. | Одделението за Финансии подготвува проценки на вкупните приходи , ги разгледува анализира и усогласува предлог пресметките и финансиските планови , ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог буџет и го известува градоначалникот за основните параметри. | Најдоцна до 10ти Ноември |
| 6. | Одделениет за Финансии го изготвува нацрт буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување. | Најдоцна до 20 ти Ноември |
| 7. | Градоначалникот организира јавна расправа по нацрт буџетот . | Најдоцна до 30 ти Ноември |
| 8. | Градоначалникот доставува предлог буџет до Советот на општина Демир Хисар | Најдоцна до 10ти декември |
| 9. | Советот на општина Демир Хисар го усвојува предлог буџетот. | Најдоцна до 31ви декември |

Буџеткиот календар на општина Демир Хисар за 2010 година влегува во сила наредниот ден од објавувањето во службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 07 -91/2** | **Совет на општина Демир Хисар**
**28.01.2010 год.** | **Претседател,**
**Демир Хисар** | **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Демир Хисар донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 101/3**
**29.01.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***114.*** Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа " Службен весник на РМ бр. 5/2002 год.", а согласно Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа " Службен весник на РМ бр. 105/2007 год."и член 43 ст. 1 точка 35 од Статутот на општината Демир Хисар, "Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 3/2002 год." Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.01.2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**За организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Демир Хисар**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува внатрешната организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општината Демир Хисар, видовите на организациони облици, условите за нивно образување и раководење со нив.

Член 2

1. Општинската администрација ги извршува работите и задачите од надлежност на општината односно Советот и Градоначалникот на општината.

2. Општинската администрација:

- врши стручни работи за Советот и Градоначалникот на општината;
- ја следи проблематиката во областа на надлежноста на општината;
- врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно унапредување и решавање на проблемите;

- доставува информации и податоци во врска со активностите на опшината на барање на надлежните органи или врз основа на закон, со Статут на општината и други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

Член 3

На основа надлежностите на општината утврдени со закон, како и групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност општинската администрација се организира во **ОДДЕЛЕНИЈА** и **ТЕРИТОРИЈАЛНО ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА** на општината Демир хисар.

**II.ВИДОВИ НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**

Член 4

1. **Одделенија** се образуваат заради непречено извршување на една од следните работи: нормативно правни работи, управување со човечки ресурси, стручно аналитички работи, управни, управно надзорни, информативно документациони, информатичко - комуникациски, стручно оперативни, материјално финансиски, инвестициони, информатичко - технолошки , стручно административни како и други работи што се извршуваат во органите на општината.

2. **Територијално противпожарна единица** на општината се образува заради вршење на со закон утврдени работи од областа на пожари.

**III. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**

Член 5

Општинската администрација на општината Демир Хисар се организира во следните одделенија и територијално противпожарна единица:

1. **Одделение за управување со човечки ресурси, правни и општи работи**
2. **Одделение за локален економски развој ,јавни дејности, комунални дејности , урбанизам и заштита на животна средина**
3. **Одделение за финансиски прашања**
4. **Одделение за внатрешна ревизија**
5. **Одделение - инспекторат**
6. **Територијално противпожарна единица**

Член 6

**Одделение за управување со човечки ресурси, правни и општи работи** ги врши работите кој се однесуваат на следење на примената на законите и другите прописи и општи акти врши изготвување на акти кој се однесуваат на правата, обврските и одговорности со вработените во општинската администрација, обезбедува координација и управување со процесите и човечките ресурси, се грижи за планирање и стручно усовршување, за едукација и тренинг обуки на вработените во општинската администрација, дава мислење на актите од аспект на нивната законитост се грижи за планирање, остварување на организацискиот развој и промени во општинската администрација.Изготвување на одлуки и други општи и поединечни акти од надлежност на Советот и Градоначалникот, ги припрема и подготвува седниците за

совет и неговите работни тела, ги следи и проучува прописите, врши стручни и организациони работи на Советот и Градоначалникот, дава мислење на актите од аспект на нивната законитост, ракува со документацијата на општината, го припрема и дистрибуира Службениот гласник на општината, прави проценка, планира и презема активности во сверата на заштита и спасување од разни непогоди, врши работи на пристап на информации, организира и остварува административно технички работи што ќе му ги довери Советот и Градоначалникот.

Член 7

**Одделението за локален економски развој ,јавни дејности, комунални дејности, урбанизам и заштита на животната средина** ги врши работите кои се однесуваат на: планирање и реализирање на локалниот економски развој, развојот на мали и средни претпријатија, развојот на земјоделство, занаетчиство, угостителство , туризам и друго, прибира, обработува и создава база на податоци за вкупните стопански движења, движења по дејности, утврдува база на податоци за имотот со кој располага општината, база на податоци за природните ресурси со кој располага општината, остварува соработка со невладини организации, се грижи за обезбедување на донации од домашни и старнски извори, соработува со Месни заедници, ја следи и организира мрежата на основното образование, го спроведува администрирањето со основното и средно образование, го организира превозот, исхрана и сместување на ученици, се грижи за развојот на мрежата на културни установи, негување на фолклорот, обичаите и старите занаети, помага во организирање на културни манифестации и поттикнување на творештвото, се грижи за социјална заштита и заштита на децата, социјална заштита за инвалидни лица, деца без родители, деца со воспитни проблеми, со посебни проблеми, лица засегнати со дрога и алкохол, го остварува правото на воспитание на деца од предучилишна возраст, управува со мрежата на јавно здравство и објекти од примарна здравствена заштита, обезбедува застапеност во одборите во здравствената организација во делот од јавното здравство, се грижи за унапредување на здравството, се грижи за спортот и рекреацијата, помага во организирање на спортски манифестации, одржување и изградба на спортски објекти, поддршка во спортските сојузи како и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот, Ги врши работите што се однесуваат на: урбано и рурално планирање, покренува иницијативи и предлози за измени на ДУП, прибира и стручно ги обработува иницијативи за измени на ДУП, врши уредување на просторот и уредување на градежно земјиште, ги следи состојбите и презема активности со работи околу заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита на водата, воздухот и земјиштето, се грижи за одржување и изградба на локални патишта и улици, го организира локалниот јавен превоз, се грижи за сообраќајна сигнализација, се грижи за изградба и одржување на водоводи, одводи и канализација, за отстранување на отпадот, одржување на хигиена, одржување на јавниот пазар и јавни гробишта, уредување на речни корита, одржување на паркови и зеленила и рекреативни површини, определување и одржување на јавни паркинзи, определување на имиња на улици и куќни броеви, изградба и одржување на јавно осветление, спроведува подготовки за заштита и спасување од воени, природни и други несреќи и отклонување на последици од нив како и други работи кои ќе му ги довери Советот и Градоначалникот.

Член 8

**Одделението за финансиски прашања** ги врши работите кои се однесуваат на буџетски календар во кој се утврдуваат рокови за извршување на буџетот, го изготвува буџетот, изготвува предлог за прераспределба на средствата помеѓу буџетските позиции, ја изготвува предлог годишната сметка на буџетот, изготвува годишни извештаи за средствата, побарувањата, изворите на средства, нивната вредност, извештај за реализација на инвестициони програми, за наменски, капитални и блок дотации, го реализира извршувањето на буџетот во утврдени рокови, подготвува анализи и квартални извештаи за извршување на буџетот, врши благајнички работи и други финансиски трансакции, врши работи на припрема на акти од сферата на даноците, таксите и надоместоците, врши задолжувања, наплата и евиденција на приходите од даноци , такси и надоместоци и други приходи како и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

Член 9

**Одделението за внатрешна ревизија** врши внатрешна ревизија согласно Законот и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од општината согласно меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии; подготвува внатрешен план за ревизија и по одобрение од Градоначалникот го обезбедува неговото спроведување и следење; доставува извештаи за извршената ревизија до Градоначалникот на општината и Советот; подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија; врши оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на Градоначалникот за намалување на факторите за ризик; врз основа на анализи од работењето ја утврдува и оценува, економичноста, ефикасноста во работењето на системите за финансиско управување како и давање препораки за подобрување на работењето на општинската администрација; ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи; ја утврдува и оценува усогласувањето на работењето со законските, подзаконските акти и актите на органите на општината.

Член 10

**Одделение - инспекторат** ги врши работите на непосредна контрола и надзор во склад со законските прописи во : комуналните дејности, урбанизам, градежништвото, сообраќајот и патиштата, надзор во образованието, културата и друг вид надзор, предлага мерки и активности во сузбивање на одредени штетни појави, врши и други работи што ќе му ги довери Советот и Градоначалникот.

Член 11

**Територијалната противпожарна единица** на општина Демир Хисар ги врши работите на гасење на пожари на подрачјето на општината , отстранува непосредни опасности за настанување на пожар, превзема мерки и активности за спасување на животот на граѓаните, заштита на имотот на граѓаните загрозени од пожари и експлозии, укажува техничка помош при незгоди и опасни ситуации како и други работи при несреќи и непогоди, врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничка опременост и услови за работа, заедно со територијалните противпожарни единици на општините во Република Македонија дејствуваат како Противпожарна

единица на Република Македонија заради оперативно дејствување при гасење на пожари од поголеми размери на цела територија на Р. Македонија,

- дава помош кога е побарана од други држави за гасење пожар, води посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гасење, интервенции за други настани според единствената евиденција од Дирекцијата за заштита и спасување посебно за периодични испитувања и проверка на исправнота за против пожарна опрема на ТПП, врши тековна проверка и одржување на механиката, дава противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации во координација со ПЕ за внатрешни работи, врши обука од областа на противпожарна заштита, едукација на граѓани за заштита од пожари преку предавања, медиуми како и други работи што ќе му бидат доверени.

**IV РАКОВОДЕЊЕ СО ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ОБЛИЦИ**

Член 12

Со општинската администрација раководи **Градоначалникот на општина Демир Хисар.**

Член 13

Со одделението раководи **Раководител на одделение** а во случај на отсуство или спреченост на раководителот , со одделението раководи **Советник** од одделението кој тој ќе го определи.

Член 14

Со Територијално противпожарна единица на општина Демир Хисар раководи **Командир** а во случај на отсутност или спреченост раководи **Заменик командир** на одделението.

Член 15

Работите од надлежност на општината ги извршуваат државни службеници и другите вработени кои вршат административно - технички работи и помошни работи како и вработените во противпожарна единица кои немаат статус на државни службеници.

Член 16

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува Градоначалникот со Правилник за систематизација на работни места во општинската администрација.

**V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 17

Со денот на влегување на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организаија на општинската администрација на општина Демир Хисар бр. 07-283/1 од 14.03.2008 година.

Член 18

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Хисар", а ќе се применува по добиеното мислење од Агенцијата за државни службеници.

Член 19

Составен дел на Одлуката е и графичкиот приказ-Органограмот на внатрешната организација.

**Бр. 07 - 92/1**
**28.01. 2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за формирање на Комисија за управување на правата на пациентите**

1.Го објавувам Решението за формирање на комисија за унапредување на правата на пациентите донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 101/4**
**29.01.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***115.*** Врз основа на член 39 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на РМ„ бр. 82/08), член 22, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), како и член 43, став 1, точка 37 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар„ бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.01.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За именување на Комисија за унапредување на правата на пациентите

1.Се именува Комисија за унапредување на правата на пациентите во состав:

За претседател:

- Љубе Димчевски од Демир Хисар

За членови:

1. Љупчо Најдовски од Демир Хисар
2. Лиле Велевска од Демир Хисар
3. Кире Огненовски од Кутретино
4.д-р Живко Тумбевски од Сопотница
5. д-р Наташа Стојчевска од Демир Хисар
6. Николче Тренчевски од Суводол
7. Добре Ристевски од Кутретино
8. Васе Младеновски од Демир Хисар

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Хисар“.

**Бр. 07-93/1**
**28.01.2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател**
**Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2009 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2009 година донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 101/5**
**29.01.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***116.*** Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), член 6 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ„ бр. 21/06, 40/07, 98/08, и 161/08), како и член 92 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар„ бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар, на седницата одржана да 28.01.2010 година, по расправата по Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2009 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2009.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

**Бр.07-94/1**
**28.01.2010 година**
**Демир Хисар**

**Претседател**
**на Совет на општина Демир Хисар**
**Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2009 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2009 година донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 101/6** — **Општина Демир Хисар**
**29.01.2010 година** — **Градоначалник,**
**Демир Хисар** — ***Тони Ангелевски с.р***

***117.*** Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), член 22а од Законот за спорт („Службен весник на РМ„ бр. 29/02 и 66/04), како и член 92 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар„ бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар, на седницата одржана да 28.01.2010 година, по расправата по Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2009 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2009 година,.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

**Бр.07-95/1** — **Претседател**
**28.01.2010 година** — **на Совет на општина Демир Хисар**
**Демир Хисар** — **Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на здруженија на граѓани и НВО за 2009 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на здруженија на граѓани и НВО за 2009 година донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| **Бр. 08 - 101/7** | **Општина Демир Хисар** |
| **29.01.2010 година** | **Градоначалник,** |
| **Демир Хисар** | ***Тони Ангелевски с.р*** |

***118.*** Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), како и член 92 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар„ бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар, на седницата одржана да 28.01.2010 година, по расправата по Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија на граѓани и невладини организации за 2009 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија на граѓани и невладини организации за 2009 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

| | |
|---|---|
| **Бр.07-96/1** | **Претседател** |
| **28.01.2010 година** | **на Совет на општина Демир Хисар** |
| **Демир Хисар** | **Љупчо Ангелески с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Демир Хисар за 2009 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Демир Хисар за 2009 година донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 101/8**
**29.01.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***119.*** Врз основа на член 22, став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), како и член 92 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар„ бр. 3/02), Советот на општина Демир Хисар, на седницата одржана да 28.01.2010 година, по расправата по Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување на подрачјето на општина Демир Хисар за 2009 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување на подрачјето на општина Демир Хисар за 2009 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар„.

**Бр.07-97/1**
**28.01.2010 година**
**Демир Хисар**

**Претседател**
**на Совет на општина Демир Хисар**
**Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот по Информацијата за имплементација на националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи во Р.Македонија на локално и регионално ниво**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот по Информацијата за имплементација на националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи во Р. Македонија донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 101/9**
**29.01.2010 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник,**
***Тони Ангелевски с.р***

***120.*** **Врз основа на член 92 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09„ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржа на 28.01.2010 година донесе ,**

**ЗАКЛ УЧОК**

1. **Советот на Општина Демир Хисар ја разгледа и усвои „Информацијата за имплеменгација на Националната платформа за намалување на ризнци од несреќн и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво".**

2. **Совето на Општина Демир Хисар ги задолжува одговорните лица за превенција и справување со кризна состојба во оиштината, да во соработка со претставникот од Регионалниот центар за управување со кризи пристапат со спроведување на платформата во месните и урбаните заедници во општината.**

**3. Советот иа Општина Демир Хисар му предлага на Градоначалиикот да одржи конститутивна седница на Локалниот совет на Националната платформа.**

**4.Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.**

**Бр. 07-98/1**
**28.01.2010 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател**
**Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување на членови во Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности**

1.Го објавувам Решението за разрешување на членови во Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 08 - 101/10** **Општина Демир Хисар**
**29.01.2010 година** **Градоначалник,**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р***

***121.*** Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа "Службен весник на РМ" бр.5/2002 година, а во врска со член 43 точка 37 од Статутот на општина Демир Хисар "Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/2002; 4/05 и 7/09 година, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.01.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на членови во Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижности**

1.Во Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижности на основа Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности донесена од Владата на Република Македонија се разрешуваат

Претседателот **Марина Поповска**
Членот **Виолета Пајковска**

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

Доставено до:
-Архивата на општина Демир Хисар
-Именуваните

**Бр. 07-99/1** **Совет на општина Демир Хисар**
**28.01.2010 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решението за именување на членови во Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности**

1.Го објавувам Решението за именување на членови во Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.01.2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| **Бр. 08 - 101/11** | **Општина Демир Хисар** |
| **29.01.2010 година** | **Градоначалник,** |
| **Демир Хисар** | ***Тони Ангелевски с.р*** |

***122.*** Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа "Службен весник на РМ" бр.5/2002 година, а во врска со член 43 точка 37 од Статутот на општина Демир Хисар "Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/2002; 4/05 и 7/09 година, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.01.2010 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување на членови во Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижности**

1.Во Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижности на основа Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижности донесена од Владата на Република Македонија се именуваат

Претседателот **Љупчо Толевски**
Членови **Митко Јанкуловски**
**Валентина Павловска**

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

Доставено до:
-Архивата на општина Демир Хисар
-Именуваните

| | |
|---|---|
| **Бр. 07-100/1** | **Совет на општина Демир Хисар** |
| **28.01.2010 година** | **Претседател,** |
| **Демир Хисар** | ***Љупчо Ангелески с.р.*** |

# *С О Д Р Ж И Н А*



| *Р.бр* | *НАЗИВ НА АКТОТ* | *Стр.* |
|---|---|---|
| **112** | Заклучок за усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџет на Општина Демир Хисар за 2009 година -IV квартал | 2 |
| **113** | Буџетски календар на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2010 година | 3-4 |
| **114** | Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Демир Хисар | 4-9 |
| **115** | Решение за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите | 9-10 |
| **116** | Заклучок за усвојување на Извештајот за реализирање на Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2009 година | 11 |
| **117** | Заклучок за усвојување на Извештајот за реализирање на Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа спортот и младите за 2009 година | 12 |
| **118** | Заклучок за усвојување на Извештајот за реализирање на Програма за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на здруженија на граѓани и НВО за 2009 година | 13 |
| **119** | Заклучок за усвојување на Извештајот за реализирање на Програма за улично осветлување на општина Демир Хисар за 2009 година | 14 |
| **120** | Заклучок по Информацијата за имплементација на националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи Р. Македонија на локално и регионално ниви | 15 |
| **121** | Решение за разрешување на членови во Комисијата за утврдување на пазарна вредност | 16 |
| **122** | Решение за именување на членови во Комисијата за утврдување на пазарна вредност | 17 |




***ИЗДАВА: ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР***
***Градоначалник Тони Анѓелевски***

***КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА И ДИЗАЈН:***
***Виолета Пајковска***